Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2023 година**

**Скопје, септември 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто осумдесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 септември 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:50 часот.

Со седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата учествуваа м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и м-р Тирон Јајага, заменик на министерот за одбрана, како и Неби Реџепи, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваа и м-р Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, како и Никола Лазаров, претставник од Лексиа локал тим.

На седницата не учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Кренар Лога, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за услуги на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

2. Барање за склучување на Анекс бр.9 кон Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата

3. Информација за Извештајот од евалуацијата на Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија и изградба на хидроелектрични централи на Црна Река, со Извештај од евалуацијата, Договор за концесија и Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за забрана на трговците да вршат трговија со одделна стока

5. Известување од извршител Васко Блажевски од Скопје, за Заклучок за трета усна јавна продажба, која ќе се одржи на 15 септември 2023 година, доставен под И.бр.1809/18, за недвижен имот-земјоделско земјиште запишан во Имотен лист бр.401, за КО Г. Коњари, на КП бр.1625 и КП бр. 1626, викано место/улица „Под Село“

6. Кадровски прашања

7. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за услуги на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје.

**Точка 2**

Владата го разгледа Барањето за склучување на Анекс бр.9 кон Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата, го прифати и го овласти Благој Бочварски, министер за транспорт и врски да го потпише Анексот бр.9 кон Договорот за концесија за промена на намената на дел од средствата.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за Извештајот од евалуацијата на Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија и изградба на хидроелектрични централи на Црна Река, со Извештај од евалуацијата, Договор за концесија и Предлог-одлука и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои Извештајот за евалуација на понудите на Тендерката комисија за постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река.

2. Ја донесе Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, во согласност со Тендерската документација и Договорот кој е дел од истата.

**Точка 4**

Владата ја донесе Одлуката за забрана на трговците да вршат трговија со одделна стока (дополнета согласно расправата на седница на Владата).

**Точка 5**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Васко Блажевски од Скопје, за Заклучок за трета усна јавна продажба, која ќе се одржи на 15 септември 2023 година, доставен под И.бр.1809/18, за недвижен имот-земјоделско земјиште запишан во Имотен лист бр.401, за КО Г. Коњари, на КП бр.1625 и КП бр. 1626, викано место/улица „Под Село“ и по Известувањето ги усвои негативните мислења на Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 6**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 7**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*           *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:05 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |